Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел дневните настани 29.10.2022

На 28.10.2022 во 13.50 часот во Полициска станица Центар В.Т.(72) од Скопје пријавил дека на плоштад Македонија во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 28.10.2022 во 20.20 часот на подрачје на Бит Пазар, Скопје од полициски службеници од СВР Скопје е лишен од слобода И.М.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2022 во 15,00 часот во Полициска станица Кисела Вода Ј.З.(40) од Скопје пријавил дека неговиот малолетен син на ул. Христо Татарчев бил каснат од куче скитник.

На 28.10.2022 во 13.10 часот на подрачје на Кисела Вода, Скопје од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода М.Н.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2022 во 22.00 часот на подрачје на Ѓорче Петров, Скопје од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода 14 годишен малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2022 во 14.45 часот во с. Сарај, скопско од полициски службеници од СВР Скопје е лишен од слобода С.Ј.(57) од с. Кондово, скопско затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2022 во 11.30 часот на регионалниот пат Р2431 кон планина Плачковица во Радовиш патничко моторно возило „опел астра" без регистарски ознаки управувано од К.Б.(19) од Радовиш удрило во малолетеничка од Кавадарци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката кои и биле констатирани од лекар во Клиничкиот центар Струмица. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Радовиш.

На 29.10.2022 во 00.05 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово се лишени од слобода Б.М.(18) од с.Г.Палчиште и Б.Љ.(24) од с.Д.Палчиште затоа што кај Б.Љ. е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (29.10.2022) во периодот од 00.00 до 04.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за униформирана полиција, спроведена е акциска контрола во угостителски објекти во повеќе градови. При контролата, затекнати се четири лица без документ за лична идентификација, во еден објект утврден е прекршок поради неиздавање фискални сметки, а констатирани се и други прекршоци.

Вчера (28.10.2022) во времето од 14.00 до 18.00 на територијата на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 23 возачи. Од нив 14 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а девет надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 28-10-2022 година, при претрес извршен по судска наредба во домот на В.Ј. (57) од Охрид, полициските службеници пронашле еден сигнален пиштол калибар 9 милиметри кој го поседувал без соодветна документација. Истиот, врз основа на членот 396 од Кривичниот законик е одземен, В.Ј е приведен во полициска станица и по целосно документирање на настанот, против него, СВР Охрид ќе поднесе соодветна пријава.

На 28.10.2022 година во ОВР Струга, И.И.(29) од струшкото село Долна Белица, пријавил дека на улицата „Маршал Тито" во Струга, била касната од куче скитник.

На 28.10.2022 година во 14.30 часот, Б.Б.(33) од Кичево, во полициска станица пријавил дека на улицата „Мирка Настеска" во Кичево, била касната од куче скитник. Истиот ден во 18 часот, Б.С.(48) од Кичево, пријавил дека на улицата „1 Мај" во Кичево, бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.М.(45) од Вевчани и против правно лице со седиште во Вевчани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Пријавениот, во својство на управител во правно лице, го искористил своето службено овластување да експлоатира дрвна маса, и спротивно на договорот за сеча склучен со ЈП ПШ-Галичица-Охрид, покрај одобрената, извршил сеча на неодобрена-неозначена дрвна маса, за која не добил дозвола за сеча од овластено лице. Со ваквите дејствија пријавениот бесправно исекол вкупно 21,44 м3 огревно дрво со што, за себе и за правното лице, се стекнал со противправна имотна корист на штета на ЈП ПШ-Галичица-Охрид.

На 28.10.2022 во 21,30 часот во Полициска станица Куманово Е.Е.(21) од с.Романовце, кумановско пријавил дека околу 18,30 часот додека бил на своето работно место во фабрика во с.Табановце бил физички нападнат од негов колега Е.Е. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2022 во 17.30 часот во Полициска станица Гази Баба, Ф.А.(45) од с.Сингелиќ, скопско пријавил дека во 12.00 часот во с.Сингелиќ, едно лице кое носело со себе нож упатувало закани и агресивно се однесувало кон неговиот син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2022 околу 18,40 часот во СВР Велес е пријавено дека на место викано „Пепелишки мост" настанал пожар покрај пруга на релација Неготино-Скопје, во кој била зафатена нискостеблеста шума, при што железничкиот сообраќај бил во прекин. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Неготино. Полициски службеници излегле на местото на настанот.

На 28.10.2022 околу 12,40 часот во СВР Скопје е пријавено дека во објект на ул.„Лука Геров" на подрачје на Ѓорче Петров пронајден е починат Б.Ј.(32) од Скопје. Од лекар од итна медицинска помош констатирана е смрт без траги на насилство. Увид на местото на настанот извршиле полициски службеници од Полициска станица Ѓорче Петров, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција.

На 28.10.2022 во 12.05 часот во СВР-Струмица, Р.Ц. (75) од Струмица пријавила дека од домот во Струмица се оддалечил нејзиниот внук М.П.(46) од Струмица. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 28.10.2022 во 17.00 часот во Полициска станица Бит Пазар Е.М.(38) од Скопје пријавил дека околу 14.15 часот пред угостителски објект на подрачје на Бит Пазар бил физички нападнат од С.А. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2022 во 10,30 часот во Полициска станица Аеродром Ј.М.(44) од Скопје пријавил дека на бул. Јане Сандански бил каснат од куче скитник.

На 28.10.2022 во 13.00 часот во Полициска станица Карпош А.Е.(59) од Скопје пријавил дека во населба Влае, Скопје бил каснат од куче скитник.

На 28.10.2022 во 14.05 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода З.П.(42) од Скопје затоа што била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2022 во 15.00 часот во Полициска станица Гази Баба Б.С.(44) од с.Стајковци, скопско пријавила дека во 06.40 часот во автобус на ЈСП на автобуска постојка на подрачје на Гази Баба нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2022 во 11.10 часот во Полициска станица Гази Баба М.Д.(31) од Скопје пријавил дека на ул.Јани Лукровски бил каснат од куче скитник.

На 29.10.2022 во 00.30 часот пред угостителски објект на подрачје на Центар од полициски службеници од СВР Скопје лишени од слобода се К.К.(30) и М.М.Б.(38) двајцата од Р.Полска затоа што според пријавеното учествувале во нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу нив и женско лице С.Т.(19) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2022 во 13.25 часот во СВР Битола е пријавено дека во 05.00 часот во ЈП-Македонски шуми подружници 'Кајмакчалан" во Битола бил пронајден повреден вработениот Б.Ј.(61) од Битола и бил пренесен во Клиничката болница Битола каде лекар му констатирал тешка телесна повреда. За настанот е известен Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2022 во 22,10 часот во Полициска станица Демир Хисар Б.М. од с.Стругово пријавил дека настанал пожар на кровна конструкција на зграда на ул.Маршал Тито во Демир Хисар. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Демир Хисар. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Битола.

На 28.10.2022 во 10,35 часот во Полициска станица Прилеп Ј.З.(31) од Прилеп пријавила дека на 27.10.2022 во 21,40 часот на раскрсница во Прилеп била физички нападната од Д.Т. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2022 во 18,20 часот во Полициска станица Прилеп К.О.(70) од Прилеп пријавила дека околу 15,30 часот во Прилеп била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2022 во 14.20 часот во СВР Струмица малолетничка од Струмица, заедно со нејзината мајка, пријавиле дека околу 12.00 часот лице кое било со патничко моторно возило „ауди" со струмички регистарски ознаки се самозадоволувало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2022 во 15.00 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово лишен од слобода е А.С.(63) од Тетово затоа што според пријавеното околу 12.30 часот во Тетово по претходно недоразбирање со тврд предмет физички го нападнал Н.З.(67) од Тетово. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.10.2022 во 13.20 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово приведени се двајца малолетници од с.Требош, тетовско затоа што според пријавеното пред училиште во Тетово го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет